**20121243050**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 28 став (12) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРОМЕНА НА ДЕЛОВНАТА ПРОСТОРИЈА КОЈА СЕ КОРИСТИ КАКО УПЛАТНО-ИСПЛАТНО МЕСТО ВО КОЕ СЕ ПРИМААТ УПЛАТИ НА ВЛОГОВИ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за промена на деловната просторија која се користи како уплатно-исплатно место во кое се примаат уплати на влогови за игрите на среќа.

Член 2

Барањето за промена на деловната просторија која се користи како уплатно-исплатно место во кое се примаат уплати на влогови за игрите на среќа се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-31452/1
13 септември 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**БАРАЊЕ**
**за промена на деловната просторија која се користи како уплатно-исплатно место во кое се примаат уплати на влогови за игрите на среќа**

Од__________________________________________________________
(назив на трговското друштво подносител на барањето)

____________________________________________________________
(седиштe на трговското друштво подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 28 став (10) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри да постапите по барањето за промена на деловната просторија која се користи како уплатно-исплатно место во кое се примаат уплати на влогови за игрите на среќа, за што во прилог на ова барање ги доставувам документите пропишани со член 28 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Подносител на барањето

Датум и место ______________________________